РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО
MINISTRIA E BUJQËSISË, PYLLTARISË DHE EKONOMISË SË UJËRAVE
Бр.-Nr. 04-9971/1
28.07. 2025 год.-vit/e.
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 82-и од Закон за шумите („Службен весник РСМ„ број: 64/2009; 24/2011; 53/2011; 25/2013; 79/2013; 147/2013; 43/2014; 160/2014; 33/2015; 44/2015; 147/2015; 7/2016; 39/2016; 147/2017; 274/2022; 255/2024; 59/2025), Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-6397/1 од 01.06.2015 година, измените на Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство бр. 04-11933/2 од 01.12.2015 година, измена бр. 04-11314/3 од 08.12.2015 година, измена бр. 04-2753/2 од 20.02.2016 година, измена бр. 04-5362/2 од 13.06.2016 година, измена бр. 04-6948/1 од 11.07.2016 година, измена бр.04-8800/3 од 29.09.2016 година, измена бр.04-10445/1 од 01.12.2016 година, измена бр.04-994/1 од 01.02.2017 година, измена бр. 04-2947/1 од 11.04.2017 година, измена бр. 04-5497/1 од 31.07.2017 година, измена бр. 04-2591/1 од 03.02.2018 година, измена бр. 04-5444/1 од 26.04.2018 година, измена бр. 04-6112/1 од 17.05.2018 година, измена бр. 04-8025/3 од 03.08.2018 година, измена бр. 04-9996/2 од 06.11.2018 година, измена бр. 04-7601/1 од 18.07.2019 година, измена бр. 04-10416/1 од 18.10.2019 година, измена бр. 01-10904/1 од 31.10.2019 година, измена бр.04-12588/3 од 19.12.2019 година, измена бр. 04-12851/1 од 23.12.2019 година, измена бр. 04-369/1 од 11.01.2021 година, измена бр. 04-1488/1 од 02.02.2021 година, измена бр. 04-4634/3 од 29.04.2021 година, измена бр. 04-7378/2 од 14.09.2021 година, измена бр. 04-2523/2 од 10.02.2022 година, измена бр. 04-5292/2 од 29.04.2022 година, измена бр. 04-7592/3 од 12.08.2022 година, измена бр. 04-9266/1 од 16.09.2022 година, измена бр. 04-12767/2 од 05.12.2022 година, измена бр. 04-471/1 од 11.01.2023 година, измена бр. 04-869/1 од 18.01.2024 година, измена бр. 04-6660/6 од 12.08.2024 година и 04-1815/3 од 05.02.2025 година, измена бр. 04-1815/5 од 12.06.2025 година,

**ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2025**

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство објавува јавен оглас за вработување на неопределено време на 81 (осумдесет и едно) овластено службено лице за работно место Патролен шумски полицаец, 1 (едно) овластено службено лице за работно место Заменик командир и 1 (едно) овластено службено лице за работно место Раководител на Сектор за шумска полиција во Сектор за шумска полиција

**Општи услови за работното место патролен шумски полицаец**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

**Посебни услови**

- да има ниво на квалификации V А или ниво на квалификации IV според Националната рамка на високообразовните квалификации и стекнати 180 или 240 кредити според ЕЦВЕТ или МКСОО или најмалку средно образование,
- со или без работно искуство,
- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,
- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,

- да има уверение за положен испит за шумски полицаец (вработениот во рок од една година од денот на вработувањето има обврска да се стекне со уверение за шумски полицаец согласно Законот за шуми, во спротивно му престанува вработувањето)

**Работни задачи и обврски**

-Ја чуваат шумата,
-Да ги спречат, легитимираат, приведат лицата затечени во вршење на кривично дело со кое се нанесува штета на шумата,
-Вршат преглед на сите средства со кои се превезува или пренесува дрво и други шумски производи, на сите места каде што се чува дрво и други шумски производи,
-Вршат привремено одземање на предмети и средства со кои е извршено кривично дело,
-Ја следат и известуваат за состојбата на шумите во врска со бесправните сечи и шумските кражби, шумските пожари, растителните болести, шумските штетници.

**Распоред на работно време**

-Работни денови – понеделник-недела
-Работни часови неделно -40
-Работно време во смени – 3 смени
Паричен нето износ на плата: 32.107,00 денари
Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2025 година.

**Општи услови за работното место Раководител на Сектор за шумска полиција**

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да е физички и психички способен за вршење на работите на шумската полиција,
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност,

**Посебни услови**

- да има ниво на квалификации VI А според Националната рамка на високообразовните квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен на образование,
- да има најмалку пет години работно искуство,
- да познава компјутерски програми за канцелариско работење,
- да е соодветен за работното место што се докажува со потврда за положен психолошки тест и тест за интегритет,
- да е подобен за носење оружје согласно со прописите за поседување и носење оружје,
- да има уверение за положен испит за шумски полицаец (вработениот во рок од една година од денот на вработувањето има обврска да се стекне со уверение за шумски полицаец согласно Законот за шуми, во спротивно му престанува вработувањето)

**Работни задачи и обврски за Раководител на Сектор за шумска полиција**

-Организирање, насочување, координација на работата на Одделенијата и шумско полициските станици и вршењето на најсложените работни задачи во секторот,
-Вршење непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите во секторот,
-Распоредување на работите и задачите на вработените во секторот и на командирите на шумско полициските станици,
-Подготвување на извештајот за работа на секторот и одделенијата,
-Давање на иницијативи за решавање на одделни прашања и проблеми од делокругот на секторот,
-Соработување со другите раководители на сектори во министерството и од другите органи.

**Распоред на работно време**

-Работни денови – понеделник-недела
-Работни часови неделно -40
-Работно време во смени – 3 смени
Паричен нето износ на плата: 49.152,00 денари
Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2025 година.

**Работни задачи и обврски за работното место Заменик командир**

-Го заменува командирот во негово отсуство или кога е на должност заради сменско работење,
-Врши контрола на теренот на целото подрачје на шумската полициска станица,
-Ги контролира сите патишта каде се превезува или пренесува дрва,
-Врши контрола на движење во шума,
-Води личен дневник каде ги впишува податоците од извршената работа на теренот,
-Учествува во изготвување на месечен и годишен извештај за работата на шумската полициска станица.

**Распоред на работно време**

-Работни денови – понеделник-недела
-Работни часови неделно -40
-Работно време во смени – 3 смени
Паричен нето износ на плата: 38.315,00 денари
Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување на институцијата за 2025 година.

**Доставување на документација**

-Уредно пополнета пријава која може да се подигне ЕДИНСТВЕНО од Секторот за човечки ресурси во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
-Уверение за државјанство (во оригинал или копија заверена на нотар)
-Лекарско уверение од медицина на трудот (во оригинал)
-Уверение дека нема забрана за вршење професија, дејност и должност (од Централен регистар во оригинал)
-Диплома за завршено образование (оригинал, или копија заверена на нотар)
-Потврда за положен психолошки тест (оригинал или копија заверена на нотар)

-Потврда за положен тест за интегритет (оригинал или копија заверена на нотар)
-Кратка биографија

**НАПОМЕНА:**
Условите наведени во огласот, кандидатите треба да ги исполнуваат во моментот на пријавување.
Пријавата за вработување се доставува во рок од 20 дена од денот на објавување на огласот на Веб страната на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со назнака „До Сектор за човечки ресурси НЕ ОТВАРАЈ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ПО ЈАВЕН ОГЛАС БРОЈ 1/2025 на улица „Ленинова„ број 2 – Скопје„

Постапката за селекција ќе се врши согласно Законот за шуми, Законот за вработените во јавниот сектор и Закон за работи односи.
Селекцијата ќе ја врши комисија формирана со Решение од Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**МИНИСТЕР,**
**Цветан Трипуновски**